Врз основа на соработка меѓу АПАВЕ СЕЕ ДОО, Скопје од една страна и Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје од друга страна се распишува:

# КОНКУРС

## за доделување стипендии за студентите во III-та и IV-та година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Машински факултет - Скопје

На конкурсот можат да се пријават студенти кои студираат на една од следните студиски програми:

1.Производно инженерство – **1 стипендија**

2.Материјали, процеси и иновации – **3 стипендии**

3.Индустриско инженерство и менаџмент – **2 стипендии**

4.Енергетика и екологија – **1 стипендија**

5.Индустриски дизајн – **1 стипендија**

АПАВЕ СЕЕ ДОО Скопје со стипендирање на 8 (осум) студенти ќе даде свој придонес и поддршка во едукација и оспособување на стручни и на квалитетни кадри, и воедно ќе им се даде стимул на идните студенти за запишување на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје - Машински факултет, Скопје.

Можност за пријавување за стипендија ќе имаат студентите запишани првпат во III-та и IV-та година во учебната 2019/2020 година на Машински факултет.

Стипендијата е во висина од 3.700,00 денари месечно и се доделува за 10 (десет) месеци, во зависност од обврските пропишани во Договорот за стипендирање.

**Услови за доделување на стипендија:**

- Студиската година да ја заврши во рок и со просек не помал од 8.0;
- Да достави потврда за редовен студент запишан во тековната година
- Одлично познавање на англиски јазик
- Да не е корисник на стипендија од други даватели
- Други обврски пропишани во Договорот за стипендирање.

**Начин на аплицирање:**

Заинтересираните студенти е потребно:

- Да потполнат **апликација/прашалник** подготвен од страна на АПАВЕ СЕЕ ДОО, Скопје;
- Да достави потврда за редовен студент запишан во тековната година;
- Да достави CV и мотивациско писмо;
- Да достави Изјава дека не е корисник на стипендија или кредит од друга установа, институција или компанија;
- Да достави Уверение за положени испити и остварен успех;
- Копија од уверение за државјанство на Република Северна Македонија.

Документите се поднесуваат до АПАВЕ СЕЕ ДОО, Скопје, на ул. „Фјодор Достоевски“ бр.72 - најдоцна до **16.03.2020 до 16:00 часот**.

Изборот и селекцијата на кандидатите ќе го изврши Комисија за стипендирање составена од претставници на АПАВЕ СЕЕ и претставници од Факултетот.